Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-223/2
05.06. 2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 33-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 14.05.2024 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 32-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на општина Градско за период јануари-март 2024 година- прв квартал.
3. Предлог- Одлука за одобрување на Студија на оправданост за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.
4. Разгледувања на барања и поднесоци
5. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да се дополни со 1(една) точка и тоа:

1.Предлог- Одлука за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 33-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 32-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 32-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 32-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 32-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на општина Градско за период јануари-март 2024 година- прв квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Како што може да се забележи извештајот има нова форма. Општина Градско беше вклучена во проект со УНДП, имавме неколку обуки на кои ни беа дадени насоки како треба да изгледа извештајот. Споредбено се гледаат сите вредности кои што биле во првиот квартал 2024 со првиот квартал 2023. Во самиот извештај образложено е буквално се. Во извештајот освен К1 прикажани се и К2 и К3. Приходите од првиот квартал се реализирани во 21,96 %, би требало повеќе но поради изборите сите постапки за продажба на земјиште се запрени, оперативните расходите 24,21 %. Материјалите Ви беа доставени на разгледување, доколку нешто конкретно Ве интересира слободно може да прашате иако во извештајот детално е се објаснето.

Мирјана Ѓорѓиева- вака е по прегледно.

Елена Смилкова-да, внатре е и делот на обврските на општината, но овде има и стари обврски. Кога зборувам стари обврски се мисли на обврски уште од 2009 година, а се однесува на позајмица од централниот буџет, дел имаме платено како остануваат средства така ја плаќаме. Годишно се плаќа и на МЖ инфраструктура 290.000,00 денари за одржување на клучки каде се вкрстува железничката со локален пат, такви се две кај Ногаевци и Згрополци.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на општина Градско за период јануари-март 2024 година- прв квартал.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на општина Градско за период јануари-март 2024 година- прв квартал.

*3.Одлука за одобрување на Студија на оправданост за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка дадоа Тања Димова од Урбан Проектинг и Александар Билбилов инвеститор на проектот.

Тања Димова- предмет на разгледување е Студијата за оправданост за изработка на Урбанистички пла вон населено место што како совет се веќе предходно запознати. Студијата се изработува за локации кои не се урбанизирани. Повторно е дадена на разгледување на совет пред закажување на анкета и јавна презентација за увид. Потоа се препраќа на увид во Министерство за транспорт и врски. Целта на овој документ е да се образложи оправданоста на оваа инвестиција. Станува збор за огромна површина од 33 ха. Првично е да се откупи земјиштето по што би следувала урбанизација на истото. Планирано е 20 mw производство на електрична енергија, понатаму ќе се поставуваат фотоволтаици, а би се отстраниле објектите кои се од загадувачка индустрија, предвидена е реконструкција на постоечката трафостаница, управни згради-канцеларии. На државно ниво има стратегија национална која цели да се зголемува производство на енергија од обновливи извори. Во кратки црти оваа студија ја објаснува оправданоста на овој зафат

Сеат Сулковиќ- како што разбрав зградите се на површина од 20 000 м2, зошто Ви се толку, толкави згради за фотоволтајци никаде во Македонија нема.

Тања Димова- 4 ха е маркицата со намена Г2, во оваа фаза ја дефинираме намената, тоа е вкупно. Габаритот на зградите не е дефинирана додека не се изработи основен проект.

Александар Билбилов- има постоечки објекти кои ќе ги задржиме.

Јованче Стојанов- на предходните седници баравме да ни доставите гаранција дека ќе нема тешка загадувачка индустрија, се уште не е доставена. Од вкупно 33 ха недостасуваат 7ха.

Тања Димова- тоа е со целата сообраќајница со клучката, и тоа влегува, имаме површина на трафостаницата, посебно се градежните парцели за фотоволтаиците, посебно се парцелите за лесна и незагадувачка индустрија, имаме заштитен појас од железница, имаме заштитен појас од река Вардар.

Јованче Стојанов- се уште стои Г1, дали кога ќе го откупите земјиштето тоа ќе го нема.

Тања Димова- намената на имотнот лист со земјиштето треба да соодветствува, кога ќе се откупи земјиштето има посебна процедура за отстранување на такви објекти, се прави посебен урбанистички проект, потоа следат урбанистички проекти за секоја парцела посебно каде што се вади површината за фотоволтаици и со тој урбанистички проект ќе биде Е1.13.

Јованче Стојанов- во врска со гаранцијата ако може да ни се достави.

Александар Билбилов- од минатиот пат до сега поминат е планот на ревизија. Јас поптолно Ве разбирам и се наоѓам во иста позиција како Вас, ги прашав урбанистите зошто не можеме да ставиме јасно насловот да биде со намена за фотовтајци, одговорот е дека процедурата која треба да се помине е таа. И рушењето на објектите мора да биде со Ваше

одобрение и објектите што ќе ги градиме ќе бидат со план кој ќе треба да биде со Ваше одобрување. По одобрување на ова можеме да го пуштиме тој допис.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за одобрување на Студија на оправданост за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за одобрување на Студија на оправданост за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско.

*4.Одлука за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиева- оваа Одлука е по повод патрониот празник Павловден.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за делегирање на надлежностите на општина Градско во областа на културата и туризмот.

*5.Разгледувања на барања и поднесоци*

*///*

*6.Разно*

*///*

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 33-та седница во 16:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева